**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# АНЕКС

## НА

# Б И Л Т Е Н

# Бр. 440

**ГОДИНА XXXVIII, Битола, 12.04.2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник — М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор — Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник — Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – БИТОЛА**

Реферат за избор на наставник од областите: 21202 – Информациони системи и мрежи, 21203 – Бази на податоци и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи)..................................1

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

Рецензија на ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)", од авторите професор д-р Цане Т. Мојаноски, вонреден професор д-р Никола Дујовски и доцент д-р Марјан Ѓуровски..................................................................15

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник од областите:**
**21202 - Информациони системи и мрежи,**
**21203 - Бази на податоци и**
**21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи),**
**на Факултет за информатички и комуникациски технологии**
**при Универзитетот „Св. Климент Охридски–Битола**

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола, одржана на 29.03.2018, со Одлука бр. 02-229/3 бевме избрани за членови на рецензентска комисија за избор на наставник од областите: 21202 – Информациони системи и мрежи, 21203 – Бази на податоци и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи). На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха” на 06.12.2017, се пријави кандидатот:

- Доц. д-р Томе Димовски

По прегледувањето на конкурсните материјали, врз основа на член 132, став 5, а во врска со член 125, став 2 од Законот за високото образование, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола да му го поднесеме следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

## Куси биографски податоци за кандидатот доц. д-р Томе Димовски

Доц. д-р Томе Димовски е роден на 13.08.1981 година во Битола. По завршувањето на основното и средното образование, во учебната 2000/01 година се запишал на Техничкиот универзитет во Габрово, Бугарија, факултет *„Електротехника и електроника“* – специјалност *„Компјутерски системи и технологии“*, каде што дипломирал во 2004 година. На истиот универзитет, во 2005 година, ги завршил и постдипломските студии со одбрана на трудот со наслов *„Проектирање и реализација на систем со база на податоци за производство на леб“*, со што се стекнал со образовно-квалификациски степен *магистер* по сецијалност *„Компјутерски системи и технологии“,* односно професионална квалификација *магистер – компјутерски инженер.* На 31.05.2006 година, Министерството за образование и наука на РМ донело одлука за признавање на дипломата како документ за завршени постдипломски

студии и стекнат академски степен *магистер по компјутерски инженеринг*. На 04.06.2013 година, на Отсекот за информатика и компјутерска техника при Техничкиот факултет во Битола, успешно ја одбранил дисертацијата со наслов *„Обработка на дистрибуирани трансакции во мобилна средина“*, со што се стекнал со академски степен *доктор на науки од областа на техничките науки*.

Во периодот јули 2005 – октомври 2006 бил ангажиран како *проектант на бази на податоци* и ADO.NET програмер во фирмата „Лан-Софт Компјутери“ – Битола. Од 01.11.2006 година до 04.12.2008 работел како *советник за оперативни системи и бази на податоци* во Секторот за информатички технологии на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Од 05.12.2008 година, пак, е избран за *помлад асистент од областа на информатиката,* а во учебната 2011/12 година во соработничко звање *асистент* од областите: *Информатика* и *Информациони системи и мрежи* на Техничкиот факултет – Битола. Од 27.08.2013 година е избран за *доцент* од областите: *Информациони системи и мрежи, Бази на податоци* и *Мобилни дистрибуирани системи* на Техничкиот факултет – Битола. Од 15.09.2014 д-р Томе Димовски го продолжил својот работен ангажман како Доцент на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, каде што во првите 6 месеци ја извршувал функцијата *Вршител на должност Декан*. Од 2015 до 2017 година ја извршувал функцијата *продекан за финансии и соработка со стопанството.*

Активно го владее англискиот јазик. Член е на повеќе научни и стручни здруженија во земјата и во странство: *ICT4 Environent Research Group – ICT4Env*, *The Association for Computing Machinery – ACM*, *The Internet Society – ISOC* и *Association for Information and Communication Technologies – ICT-ACT.*

## Наставно-образовна дејност на кандидатот д-р Томе Димовски

Од учебната 2008/09 до 2012/13година, доц. д-р Томе Димовски изведувал вежби по повеќе предмети на Отсекот за информатика и компјутерска техника на Техничкиот факултет – Битола, и тоа: *„Вовед во компјутерски мрежи“*, *„Проектирање и менаџмент на локални компјутерски мрежи“*, *„Бази на податоци“* и *„Системи за управување со бази на податоци и развојни алатки“*. Од учебната 2013/14, па се до денес, доц. д-р Томе Димовски изведувал настава на Факултетот за информатички и комуникациски работи – Битола по предметите од прв циклус на студии: *„Проектирање и менаџмент на компјутерски мрежи”*, *„Мрежни оперативни системи”*, *„Безбедност на компјутерски системи и мрежи”*, *„Администрација на бази на податоци”* и *„Администрација на мрежни сервиси”*, предметите од втор циклус на студии: *„Безжични и ад-хок компјутерски мрежи”*, *„Мобилни и дистрибуирани системи”* и *„Современа криптографија и комуникации”*, предметот од трет циклус на студии: *„Индустриски и енвироментални сензорски мрежи”*. Во учебната 2016/17 бил визитинг професор на Универзитет Гоце Делчев – Штип, Факултетот за информатика, по предметот *„Мрежни сервиси”*.

Доц. д-р Томе Димовски бил член во комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација на 2(два) кандидати. Член во комисија за подобност на кандидат и тема за магистерски труд на 7(седум) кандидати. Член во комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на 7(седум) кандидати. Член во комисија за одбрана на Дипломски труд на 50(педесет) кандидати, од кои ментор на 16 (шеснаесет).

Паралелно, посветил внимание и на перманентното научно и стручно усовршување. Во рамките на остварената меѓународна проектна соработка, престојувал на *Националниот институт за развој на информациска инфраструктура* (*NIIF*) во Будимпешта – Унгарија, во *Академската мрежа на Србија (AMRES)* при *Универзитетот во Белград*, на *Политехничкиот универзитет во Тирана (UPT)* – Албанија, како и на *Техничкиот универзитет во Дортмунд* (*TUDO*) – Германија. Во периодот од 19.10.2015 до 30.10.2015 реализирал мобилност на "Универзитетот Паисии Хилендарски" - Пловдив, Факултетот за математика и информатика, Р. Бугарија во рамките на CEEPUS програмата за размена на академски кадар.

Според резултатите од оценувањето на наставно-образовната дејност на академскиот кадар, на анонимно спроведените анкета во рамки на самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, како и на самоевалуацијата спроведена на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, кандидатот д-р Томе Димовски има добиено позитивни оценки (Вкупна просечна оценка: 3,86 од максимална 5).

## Научно-истражувачка дејност на кандидатот доц. д-р Томе Димовски

Од научно-истражувачката дејност на кандидатот, истакнуваме:

- **Монографии и други заклучени дела:**

[1] **Димовски, Т.**, „*Обработка на дистрибуирани трансакции во мобилна средина* ", докторска дисертација, Технички факултет, Битола, 2013

[2] **Димовски, Т.**, *„Проектирање и реализација на систем со база на податоци за производство на леб"*, магистерски труд, Технички универзитет, Габрово, Бугарија, 2005

- **Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

[3] Hristoski, I., Kostoska, O., Kotevski, Z., **Dimovski, T.**, "Causality of Factors Reducing Competitiveness of e-Commerce Firms", In: Balkan and Near Eastern Journal of Social Sciences (BNEJSS), Vol. 3, No. 2, pp. 109-127, ISSN: 2149-9314, **2017**

**Вреднување на трудот:** Во трудот се идентификуваат повеќе од 620 потенцијални фактори коишто придонесуваат за намалување на конкурентноста на фирмите што се занимаваат со е-Трговија,

организирани во три хиерархиски нивоа. Анализата е направена со употреба на brainstorming техниката и употребата на тн. Ишикава дијаграми (дијаграми на „причина и последица“), а опфаќа шест клучни подрачја, и тоа: хардверска архитектура на системите за е-Трговија, информациони системи за е-Трговија, телекомуникации, дизајн на веб сајтот за е-Трговија, човечки ресурси, и организациски вештини. Авторите И. Христоски, Т. Димовски и З. Котевски се доктори на технички науки, а О. Костоска е доктор на економски науки. Трудот е објавен на меѓународен конгрес. Според карактерот на својата содржина трудот е мултидисциплинарен, опфаќа повеќе области, и тоа: *информациони системи и мрежи, системи за е-Трговија, човечки ресурси и организациски вештини*.

◈

[4] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., “On the Performance Potential of Connection Fault-Tolerant Commit Processing in Mobile Environment”, *International Journal of Wireless & Mobile Networks (IJWMN)*, Vol. 4, No. 5, ISSN: 0975-3834 (online); 0975-4679 (print), pp. 35-47, 2012

- **Трудови објавени во зборници на меѓународни научни конференции и конгреси:**

[5] **Dimovski, T**., Hristoski, I., **“**Farm management software: a conceptual framework”, Proceedings of International Scientific Conference on Recent **Advances in IT**, Tourism, Economics, Management and Agriculture - ITEMA 2017, Budapest, Hungary, pp. 856-864 (ISBN 978-86-80194-08-0), **2017**

**Вреднување на трудот:** Во овој труд авторите презентираат нова концептуална рамка (conceptual framework) за развој на Веб-базиран софтвер за менаџирање на фарми. Со помош на софтверскиот систем ќе се овозможи лесен пристап до информации за фармерите и полесно менаџирање на фармите со имплементирање на ИТК технологии. Презентираниот софтвер за менаџирање на фарми е дистрибуиран систем кој се состои од три логички целини со одделни бази на податоци: Веб портал за конфигурација, Јавен веб портал и Веб портал за менаџирање. Авторите на трудот се доктори на технички науки. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за најновите достигнувања во ИТ и според својата содржина опфаќа повеќе области, и тоа: *информациони системи и мрежи, бази на податоци и дистрибуирани системи*.

[6] Hristoski, I., Kostoska, O., **Dimovski, T**., Kotevski, Z., "Farm Management Software for Increased Productivity and Competitiveness", Proceedings of The Fifth International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Kırklareli, Turkey, pp. 375-392 (ISBN-13: 978-605-67815-0-6), **2017**

**<u>Вреднување на трудот:</u>** Трудот има за цел да ги претстави најновите истражувања за развојот, карактеристики и можности на софтвери за менаџирање на фарми. Исто така е направена анализа на примената на ИТ софтвери во Р. Македонија. Авторите претставуваат *Веб-базирана архитектура*, која претставува *дистрибуиран систем* составен од повеќе слоеви, кои пак се составени од поголем број на сервери. Во трудот е направена анализа како ќе се одвива развојот и примената на софтвери за менаџирање на фарми во наредните години. Трудот е објавен на меѓународен конгрес. Според карактерот на својата содржина трудот е мултидисциплинарен и опфаќа области како што се *информациони системи и мрежи, дистрибуирани системи*.

[7] Roshoski, T., Savoska, S., Ristevski, B., **Dimovski, T**., "Hash functions and their application in digital signatures and digital forensics", Proceedings of The 14$^{th}$ CiiT Conference on Informatics and Information Technology, Mavrovo, Macedonia, pp. 69-74 (ISBNT978-608-4699-07-1), **2017**

**<u>Вреднување на трудот:</u>** Трудот ја опишува примената на хеш-функции кај криптографските системи. Презентирана е софтверска апликација развиена со програмскиот јазик Python. Главната цел на апликацијата е да обезбеди автентичност и интегритет на дигитални објекти, како и да понудат алтернатива на скапите софтверски форензички алатки. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за информатика и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *информациони системи и мрежи и информатика*.

[8] Mitrevski, F., Pajkovski, D., **Dimovski, T**., "Transaction Processing Applications in Cloud Computing", Proceedings of The 14$^{th}$ CiiT Conference on Informatics and Information Technology, Mavrovo, Macedonia, pp. 196-199 (ISBNT978-608-4699-07-1), **2017**

**<u>Вреднување на трудот:</u>** Авторите во трудот се фокусираат на cloud апликации кои користат дистрибуирани трансакции. Разгледани се повеќе архитектури на различни даватели на cloud услуги. Во трудот се разгледуваат пристапи за подобрување на cloud трансакциите. Исто така, се опишани cloud сервисите кои ги нудат најголемите светски компании во ИТ секторот. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за информатика и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *бази на податоци дистрибуирани системи*.

[9] Hristoski, I., Kostoska, O., Kotevski, Z., **Dimovski, T**., "Causality of Factors Reducing Competitiveness of e-Commerce Firms", Proceedings of The Fourth International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Ruse, Bulgaria, pp. 813-832 (ISBN-13: 978-619-203-177-0), **2017**

**Вреднување на трудот:** Во трудот се идентификуваат повеќе од 620 потенцијални фактори коишто придонесуваат за намалување на конкурентноста на фирмите што се занимаваат со е-Трговија, организирани во три хиерархиски нивоа. Анализата е направена со употреба на brainstorming техниката и употребата на тн. Ишикава дијаграми (дијаграми на „причина и последица"), а опфаќа шест клучни подрачја, и тоа: хардверска архитектура на системите за е-Трговија, софтвер за е-Трговија, телекомуникации, дизајн на веб сајтот за е-Трговија, човечки ресурси, и организациски вештини. Авторите И. Христоски, Т. Димовски и З. Котевски се доктори на технички науки, а О. Костоска е доктор на економски науки. Трудот е објавен на меѓународен конгрес и е селектиран и објавен во меѓународно научно списание. Според карактерот на својата содржина трудот е мултидисциплинарен, опфаќа повеќе области, и тоа: *информациони системи и мрежи, системи за е-Трговија, човечки ресурси и организациски вештини.*

[10] Hristoski, I., Kostoska, O., Kotevski, Z., **Dimovski, T**., "Factors Affecting the Competitiveness of e-Commerce Firms: A Critical Appraisal", Proceedings of The Third International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Edirne, Turkey, pp. 1079-1090 (ISBN-13: 978-605-67281-0-5), **2017**

**Вреднување на трудот:** Авторите на трудот прават критички осврт на факторите кои влијаат врз конкурентноста на компаниите за електронска трговија. Со анализа на повеќе области, авторите ги идентификуваа следниве критични фактори за успех, од аспект на конкурентност на компаниите за е-Трговија: архитектура на хардвер, софтвер, комуникации, дизајн на веб-портал, човечки ресурси, организациски способности. Трудот е објавен на меѓународен конгрес. Според карактерот на својата содржина трудот е мултидисциплинарен.

[11] Stojchevski, T., **Dimovski, T.,** Rendevski, N., "Virtual Private Network Implementation with GRE Tunnels and EIGRP Protocol", Proceedings of The Sixth International Conference on Applied Internet and Information Technologies (ICAIIT 2016), Bitola, Macedonia, pp. 206-212 (DOI:10.20544/AIIT2016.25), (ISBN-13: 978-9989-870-75-0), **2016**

**Вреднување на трудот:** Во трудот е претставена имплементација и конфигурација на Virtual Private Network (VPN) за компанија со две централни локации и експозитури во неколку градови. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за применети интернет и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *информациони системи и мрежи.*

[12] Hristoski, I., Mitrevski, P., **Dimovski, T**., Kotevski, Z., "Evaluating e-Customers' Satisfaction in B2C e-Commerce: the Case of Macedonian Students", Proceedings of The Sixth International Conference on Applied Internet and Information Technologies (ICAIIT 2016), Bitola, Macedonia, pp. 382-389 (DOI: 10.20544/AIIT2016.46), (ISBN-13: 978-9989-870-75-0), **2016**

**Вреднување на трудот:** Целта на трудот е да се обезбеди поголемо знаење и разбирање за тоа како македонските студентите ги оценуваат нивните онлајн шопинг искуства. Авторите во ова истражување ги оценуваат различните аспекти на е-купувачите во врска со онлајн шопинг активности, остварени од страна на студенти во Република Македонија. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за применети интернет и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *информациони системи и мрежи, системи за е-трговија.*

[13] Hristoski, I. S., Mitrevski, P. J**., Dimovski, T**. P., Kotevski, Z. G., Rendevski, N. T., "Estimating e-Commerce Revenues by Web-based Simulation and System Dynamics Approach", Proceedings of The Fourth International Conference on Applied Internet and Information Technologies (ICAIIT 2015), Zrenjanin, Serbia, pp. 35-40, (ISBN: 978-86-7672-261-7), **2015**

**Вреднување на трудот:** Авторите во трудот опишат развој на веб-базиран симулациски модел, погоден за проценка на е-трговија во различни сценарија. Резултат од ова истражување е создавањето на комплетен симулациски модел со помош на Insight Maker, кој е бесплатно достапен на интернет (https://insightmaker.com/insight/34138/e-CommerceRevenue-Estimator). Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за применети интернет и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *информациони системи и мрежи, системи за е-трговија.*

[14] Hristoski, I., Stojanov, Ž., Dobrilović, D., **Dimovski, T**., Kotevski, Z., "Gaining Competitive Advantage using Innovative Web 2.0-based Simulation Tools and Services", Proceedings of The International Conference "SMEs Development and Innovation: Building Competitive Future of South-Eastern Europe", Ohrid, Republic of Macedonia, pp. 247-258, **2014**

**Вреднување на трудот:** Авторите во трудот опишуваат како со помош на алатки за симулирање (симулатори), може успешно да се направи проценка и подобрување на различните бизнис процеси кај мали и средни претпријатија. Исто така, симулациите можат да го забрзаат донесувањето на одлуки во сложени и небезбедни ситуации. Симулирани се примерни сценарија со Insight Maker, со примена на пристапот на системската динамика (system dynamics) Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за развој и иновации кај МПС.

[15] Menoski, D., Mitrevski, P., **Dimovski, T**., "Evaluating Website Security with Penetration Testing Methodology " Proceedings of The Fourth International Conference on Applied Internet and Information Technologies (AIIT 2014), Zrenjanin, Serbia, pp. 86-90, (ISBN: 978-86-7672-247-1), **2014**

**Вреднување на трудот:** Во трудот претставено е пенетрациско тестирање на веб-страна, со цел да се откријат безбедносни слабости. Тестотовите се изведуваат во LAN мрежна околина. Трудот е објавен во меѓународна научна конференција за применети интернет и информатички технологии и според својата содржина опфаќа области од *информациони системи и мрежи.*

◈

[16] Kocev, T., Mitrevski, P., **Dimovski, T.**, "QoS Routing Models in Mobile Applications that Implement Ad-Hoc Networking", *Proc. of the XLVIII International Scientific Conference on* Information*, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST 2013)*, Ohrid, Macedonia, 2013

[17] Kocev, T., Mitrevski, P., **Dimovski, T.**, "Mobile Ad Hoc Communication – the Ability of Networking Without Network", *Proc. of the 10th CiiT Conference on Informatics and Information Technology*, Bitola / Skopje, Macedonia, 2013

[18] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., "Performance Analysis of a Connection Fault-Tolerant Model for Distributed Transaction Processing in Mobile Computing Environment", *4$^{th}$ International Conference "ICT Innovations 2012", Web Proceedings*, pp. 65-74, Ohrid, Macedonia, 2012

[19] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., "Ad-Hoc Supported, Connection Fault-Tolerant Model for Mobile Distributed Transaction Processing", *Proc. of the XLVII International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST 2012)*, Vol. 1, pp. 43-46, Veliko Tarnovo, Bulgaria, 2012

[20] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., "A Research on the Effect of Ad-Hoc Communication on Mobile Distributed Transaction Processing", *Proc. of the 9th CiiT Conference on Informatics and Information Technology*, pp. 252-256, Bitola/Skopje, Macedonia, 2012

[21] **Dimovski, T.**, Mikarovski, G., Kotevski, Z., "Comparative Analysis of Existing Software Solutions and the iKnow E-Student Information System" *Proc. of the 9th CiiT Conference on Informatics and Information Technology*, Bitola / Skopje, Macedonia, 2012

[22] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., "Connection Fault-Tolerant Model for Distributed Transaction Processing in Mobile Computing Environment", *Proc. of the 33rd International Conference on Information Technology Interfaces (ITI 2011)*, pp. 145-150, Cavtat / Dubrovnik, Croatia, 2011 (IEEE Conference Publications)

[23] **Dimovski, T.**, Mitrevski, P., "Distributed Transaction Processing in Mobile Computing Environment", *Proc. of the 2nd International Conference "ICT Innovations 2010"*, pp. 343-344, Ohrid, Macedonia, 2010

- **Трудови објавени во годишници:**

[24] Колтовска, Д., **Димовски, Т**., Котевски, З., "Модел на интегриран интелигентен систем за управување со сообраќај во урбани средини", Универзитетска интерна конференција УКЛО21, Крушево, **2017**

[25] **Димовски, Т.**, Митревски, П., „Анализа на перформабилноста на платформа за обработка на мобилни дистрибуирани трансакции", *Зборник на трудови*, Технички факултет, Битола, 2012

[26] **Димовски, Т.**, Митревски, П., „Модел толерантен на откази за обработка на дистрибуирани трансакции во мобилна средина", *Зборник на трудови „50 години ТФБ"*, стр. 414-419, Технички факултет, Битола, 2011

Со свои реферати, доц. д-р Томе Димовски учествувал на повеќе **научни и стручни собири во земјата и во странство:**

[1] 5th International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Kırklareli, Turkey, 2017

[2] 4th International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Ruse, R. Bulgaria, 2017

[3] Kick-off meeting for the Twinning Project MK 13 IPA SO 01 16 R "Developing cooperation between higher education institutions, the private sector and relevant public bodies", EU Delegation in Skopie, R. Macedonia, 2016

[4] 6th International Conference on Applied Internet and Information Technologies (AIIT 2016), Bitola, Macedonia, 2016

[5] International Conference - SMEs Development and Innovation: Building

Competitive Future of South-Eastern Europe, Ohrid, R. Macedonia, 2014

[6] XLVIII International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST 2013), Ohrid, Macedonia, 2013

[7] 10th CiiT Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia, 2013

[8] *"ICT Innovations 2012"*, Springer CCIS Series, Ohrid, Macedonia, 2012

[9] XLVII International Scientific Conference on Information, Communication and Energy Systems and Technologies (ICEST 2012), Veliko Tarnovo, Bulgaria, 2012

[10] 9th CiiT Conference on Informatics and Information Technology, Bitola, Macedonia, 2012

[11] 33rd International Conference on Information Technology Interfaces (ITI 2011), Cavtat / Dubrovnik, Croatia, 2011

[12] *"ICT Innovations 2010"*, Springer CCIS Series, Ohrid, Macedonia, 2010

## Стручно-апликативна дејност на кандидатот доц. д-р Томе Димовски

Стручно-апликативната дејност на кандидатот се огледува низ:

- **Учество во проекти од национален и меѓународен карактер:**

[1] *"Структурирана база на образовни материјали и Електронско тестирање"*, Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола (2017-)

[2] *"Дизајн и имплементација на информациски систем",* Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола (2014-2017)

[3] *"Innovation and Knowledge Management towards e-Student Information System"*, *511342*-TEMPUS-1-2010-1-UK-TEMPUS-JPGR (2010-2012)

[4] *"Video-Conferencing Educational Services"*, 144650-TEMPUS-2008-IT-JPGR (2009-2012)

- **Учество во стручно-апликативни проекти:**

[1] *Проектирање, развој и имплементација на веб-базиран тикетинг систем за менаџирање на проекти и работни налози* за компанијата НИКОБ ДОО Скопје, (2016-2017)

[2] *Проектирање, развој и имплементација на систем за патролни интервенции* за компанијата НИКОБ ДОО Скопје, (2015-2016)

[3] Член на истражувачката група Information and Communication Technologies for Environment (ICT4Env), чиј фокус е примена на информатичките и комуникациските технологии во заштитата на животната средина, (2015- )

[4] Воспоставување и тестирање на видеоконференциска врска помеѓу Технички факултет – Битола и дисперзираните студии во Велес, со цел за реализација на синхронизирано далечинско учење. Во оваа дејност беше употребена опремата за видео конференција набавена во рамки на проектот Video Conferencing Educational Services (ViCES), 144650-TEMPUS-2008-IT-JPGR, 2013

[5] Одговорен за интерната програма на ФИКТ "Менторство на студентски работни групи", (2014-2017)

[6] Член во организациски одбор на натпреварот во програмирање CodeCUP, во организација на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, (2015-2017)

[7] Член во организациски одбор на меѓународната конференција AIIT, во коорганизација на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола и Техничкиот факултет „Михајло Пупин" – Зрењанин, Р. Србија, (2015-2016)

- **Сертификати**:

- CCNA Exploration 4.0 – Network Fundamentals, Cisco Networking Academy
- CCNA Exploration 4.0 – Routing Protocols and Concepts, Cisco Networking Academy
- CCNA Exploration 4.0 – LAN Switching and Wireless, Cisco Networking Academy
- CCNA Exploration 4.0 – Accessing the WAN, Cisco Networking Academy
- Managing a Microsoft Windows Server 2003 Environment
- Implementing, Managing and Maintaining a Microsoft Windows Server 2003 Network Infrastructure: Network Services
- Implementing and Managing Microsoft Exchange Server 2003
- Implementing Microsoft Internet Security and Acceleration (ISA) Server 2004

## АНАЛИЗА НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР:

Согласно член 125 од Законот за високо образование и член 9 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во табелата се дадени критериумите за вонреден професор:

| Потребен критериум за вонреден професор | кај д-р Томе Димовски |
|---|---|
| Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира | **Исполнет**. Доктор на науки од областа на техничките науки со дисертација „Обработка на дистрибуирани трансакции во мобилна средина“ компатибилна со научните области во кои се избира. |
| Објавени најмалку пет научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или научни труда во научно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science во последните 5(пет) години | **Исполнет**.<br>Трудови објавени во меѓународни научни списанија: 1<br>Трудови објавени во меѓународни научни публикации: 11 |
| Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачките резултати | **Исполнет**. Има учествувано во научно истражувачки проекти, 2(два) интерни на ФИКТ) и 2(два) меѓународни научно истражувачки проекти.<br>Има повеќе активности за примена на научно - истражувачките резултати (стручно -апликативна дејност). |
| Придонес во оспособувањето на помлади наставници | **Исполнет**. Учествувал во повеќе комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови. Учествувал во повеќе работни тела на ФИКТ и работел со надарени студенти на ФИКТ. |
| Покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност и | **Исполнет**. Изведува настава на прв, втор и трет циклус на студии на ФИКТ и претходно на Техничкиот факултет. Има 10 годишни искуство во изведување високообразовна дејност. |
| Позитивна оценка од самоевалуацијата | **Исполнет**. Добил средна оценка 3,86 од максимално можните 5. |

# Заклучок и предлог

Врз основа на анализата на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја оценува и вреднува наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната, како и останатите дејности во рамки на високото образование, на кандидатот доц. д-р Томе Димовски. Според погоре направената анализа на постигнатите резултати од севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, а согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Рецензентската комисијата констатира дека доц. д-р Томе Димовски ги исполнува сите услови и критериуми за избор во звање вонреден професор од областите: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи).

Имајќи ги предвид претходно изнесените констатации, како и досегашното работно искуство и постигнатите резултати во наставно-образовната, научно- истражувачката, стручно-апликативната и останатите дејности од интерес, Рецензентската комисија, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, да го избере кандидатот д-р Томе Димовски во звањето вонреден професор од областите: 21202 - Информациони системи и мрежи, 21203 - Бази на податоци и 21208 – Друго (Мобилни дистрибуирани системи).

**Рецензентска комисија:**

Ред. проф. д-р Александар Маркоски – претседател, с.р.
Факултет за информатички и комуникациски технологии
Универзитет ,,Св. Климент Охридски” во Битола

Ред. проф. д-р Аристотел Тентов – член, с.р.
Факултет за електротехника и информациски технологии
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Вонр. проф. д-р Марија Календар – член, с.р.
Факултет за електротехника и информациски технологии
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје

**РЕЦЕНЗИЈА**
**на ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)", од авторите Професор д-р Цане Т. Мојаноски, Вонреден Професор д-р Никола Дујовски и Доцент д-р Марјан Ѓуровски**

Имам пријатно задоволство врз основа на Одлука 02-291/9 од 22.03.2018 година од Седмата седница на Деканатската управа на Факултетот за безбедност од Скопје, да го рецензирам трудот „**Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)",** од авторите Професор д-р Цане Т. Мојаноски, Вонреден Професор д-р Никола Дујовски и Доцент д-р Марјан Ѓуровски.

**И З В Е Ш Т А Ј**

„Ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)", од авторите Професор д-р Цане Т. Мојаноски, Вонреден Професор д-р Никола Дујовски и Доцент д-р Марјан Ѓуровски претставува научно структуриран приод во следење, анализирање и презентирање на состојбите во македонското општество, презентирани преку односот на полицијата (нејзината организација, функции, надлежности кои ја промовираат како орган на власт, како орган на социјална контрола) и граѓаните како партнери на полицијата, кои ги очекуваат нејзините услуги (сервис на граѓаните). Предмет на интерес во ова повеќе годишно истражување е перцепцијата за односот меѓу.

Трудот претставува студија, која е пишувана во компјутерска техника на 324 страни и 8 страни користена литература, 2 страни прилози и 20 страни воведни информации и содржина. Во текстот се вградени 195 табели и 44 графикони, во функција на понепосредно презентирање на наодите од истражувањето.

Методологијата на која се темели десетгодишното истражување, од аспект на бројот на интервјуирани граѓани, нивниот избор, национална и рурална/урбана припадност ги задоволува научните параметри кои треба ралистично, со научна посветеност да ги прикажат резултатите поврзани со перцепциите на граѓаните за односот со полицијата. Временската рамка во која се спроведува ова истражување има предности преку кои може да се следи еволуацијата на полициското работење и со поголема сигурност да се утврдат постапките по кои граѓаните ги создаваат своите перцепции за полицијата. Од друга страна, должината на истражувањето укажува и на проблеми со кои се соочува истражувачкиот тим, како одржувањето на истражувачкото јадро (истражувачите како тим), на промената на легислативата која доведува до измена или создавање нови приоритети кои треба да бидат опфатени со истражувањето. Секако, еден ваков комплексен истражувачки проект со себе носи и други непосредни или посредни предизвици, кои истражувачите не ги споделиле до крај, но тоа можеби ќе го направат во друга прилика.

Општ впечаток е дека оваа Монографија е многу значајно дело на истражувачкиот тим, кој пополнува простор кој е релативно празен во македонската криминолошка, полициска и безбедносна област и од таа причина заслужува голема почит. Истражувањето направено во период од десет години од компетентен тим истражувачи со

научен капацитет е сериозен потфат во глобални рамки, а да не говориме за македонски прилики. Содржината на монографијата опфаќа десет глави, секоја фокусирајќи се на значајно прашање за односите меѓу граѓаните и полицијата:

Глава прва: Нивото на криминализираост низ перцепциите на граѓаните; Глава втора: Полицијата во заедницата – очекувањата на граѓаните од улогата на полицијата; Глава трета: Соработката меѓу полицијата и граѓаните; Глава четврта: Односите меѓу заедницата и полицијата; Глава петта: Полицаецот како иницијатор на односите во заедницата; Глава шеста: Интеракциите меѓу заедницата и полицијата; Глава седма: Перцепциите за актуелните релации меѓу полицијата и граѓаните; Глава осма: Контрола и управување со полицијата; Глава девета: Перцепциите за соработката на граѓаните и полицијата; и Глава десета: Полицаецот низ перцепциите и оценките на испитаниците.

Секоја глава почнува со текст кој го воведува читателот во полициската област блиска со темата која се обработува во продолжение. Во овој пристап авторите користат споредбени содржини од земјите во регионот, но и пошироко. На тој начин се споделуваат знаења од сферата на полициските науки, социологијата, но и други општествени науки важни за утврдување на релациите меѓу полицијата и јавноста, односно на граѓаните како еден значаен дел од неа. Врз основа на добиените резултати потоа авторите прават успешен обид да ги објаснат одговорите на граѓаните, а со тоа да ги презентираат нивните перцепции за конкретни состојби, кои биле актуелни во истражуваниот десетгодишен период, но и да укажат на парадоксни состојби за перцепциите на граѓаните, кои ги следеле релациите меѓу полицијата и јавноста. Преку ова истражување дознаваме дека во Република Македонија, во периодот од 2008 до 2013 година, просечно 17047 моторни возила не се регистрирани, дека 12194 возила се управувани без возачка дозвола и дека 6773 возачи возеле под дејство на алкохол.

Анализата на информациите ја потврдува поставката дека во перцепциите на граѓаните доминираат ставови кои ги отсликуваат општествените односи во временската рамка во кое е вршено истражувањето. Тие се само индикатор за претставите и пресеците на свеста кај граѓаните за положбата и односот на полицијата кон нив. Треба да се има во вид дека врз формирањето на довербата на јавноста во полицијата има и чинители кои имаат негативен предзнак во општеството. На тоа влијаат состојбите на аномија, неотпорност на општеството кон девијантни состојби од поширок обем, порозноста и влијанието на корупцијата во општеството, но и сликата за тоа колку полицијата е ефикасна во својата работа, која е остринатa со која полицијата се спротиставува на корупцијата во својата средина и во заедницата, културните традиции, односот на граѓаните кон правните норми и посебно капацитетот на институциите на власта и начинот капацитетот со кој ги остваруваат нивните функции. Наведените чинители влијаат на ставот на граѓаните кон полицијата и на нивната доверба кон неа.

Анализираните податоци презентирани во првата глава од истражувањето кажуваат дека 73% од испитаниците изразиле потврден став дека појавата на негонење на крупните криминалци е основа за јакнење на перцепциите за степенот на корумпираност во заедницата. Општ заклучок е дека претставата за криминализираноста се гради врз основа на мали, секојдневни и чести девијации, што укажува, но истовремено и го проблематизира прашањето дали во опсегот на полициските задолженија се вклучуваат содржини кои ниту по форма, ниту по значење можат да се нивна надлежност.

Генерална перцепција кај испитаниците е дека македонското општество, пред се заради неговата бирократизација, се карактеризира со појава на индивидуална, но и

институционална аномија; општествените институции и служби се партизирани, троми и гломазни, одалечувајќи се од своите корисници и постојат сами за себе. Оваа оценка ја отсликува претставата и за полициската организација, особено темелена на лични искуства кои граѓаните ги имале со неа.

Висок процент од испитаниците од 89% сметаат дека криминалот е сериозен проблем, а повеќе од 49% се изјасниле дека основна обврска на полицијата е да го спречува криминалот. Висок просек од околу 85% од испитаните граѓани очекуваат помош од полицијата и таа да постапува еднакво кон сите граѓани. На прашањата според кои дали полицијата се однесува со почит кон граѓаните, ставовите се поделени, но доминантната оценка е неповолна. Ова е сериозен индикатор кој треба да го проучат полициските раководители, со цел да ја градат стратегијата за идните активности за полицијата.

По отпочнувањето на истражувањето во 2008 година, беа донесени повеќе измени на закони со кои беа утврдени високи казни и глоби кои ги спроведуваше полицијата, со достигнување на горната точка во 2014 и во првата половина од 2015 година. Со силна позиционираност на казнената политика и на казнени мерки, полицијата (пред се нејзините раководители) се откажуваат од еден многу силен инструмент во општествената регулација на која е обврзана со закон - нејзината превентивна функција. Друг негативен аспект нотиран во истражуваниот период, кога се правеа некакви обиди за реформа на полицијата и нејзино растоварување од неполициски надлежности кои ги имаше, е донесениот Закон за чистота со кој се санкционираше поведението за односот кон заштитата на човековата средина, а кој го спроведуваше локалната полиција. Актуелните решенија пропишуваат „глоба за поединецот во износ од 50 евра во денарска противвредност во мандатна постапка“, доколку фрла и остава „хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена“, остава „стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината“, пали, закопува и уништува смет“ (член 14). Ова постапување не е полициско и не треба да биде товар за полицијата.

Бројните и чести промени на законите, многу често донесени на брзина и без квалитетна подготвеност да се спроведуваат, создаваат правна несигурност, која мора да биде дополнително истражена од аспект на тоа како е подготвена полицијата да постапува во вакви случаи и колку донесените полициски одлуки содржат интегритет. Ако на ова се надоврзе и дискрецијата со која располага полицијата (а која не беше предмет на анализа во истражувањето), перцепциите на граѓаните за работата на полицијата го подигнуваат прагот на очекувања од нејзината работа.

Истражувањето многу конкретно покажува дека граѓаните како најголем проблем ја посочуваат личната несигурност, различните проблеми во нарушувањето во однесувањето, неефективноста на комуналниот и јавен ред, оштетувањето и уништувањето на јавниот имот. Станува збор за работи кои се високо на листата на приоритети на граѓаните, но на различна позиционираност на листата на традиционалните полициски приоритети. Една од традиционалните заблуди во полициската организација е и омаловажувањето на таканаречените ситни проблеми на терен, кои акумулирани на подолг рок доведуваат до негативни промени и во полициската поткултура. Полициската етика која е препознаена „како втор закон по важност„ е изложена на ерозија и го губи

своето значајно место во задржување на вредностите во општествениот живот. Научена е лекцијата дека ниту еден проблем не се решава сам по себе, напротив правејќи се дека тој не постои, истиот натаму созрева и прераснува во сериозен проблем кој полесно ќе беше решлив уште во зачетокот. Всушност од полициската практика, но и од теоријата на „скршени прозори„ познато е дека во оние урбани средини во кои угостителските објекти работат до доцна, каде што се толерира прекршокот за точење на алкохол на пијани лица, малолетници и деца, каде што многу гласно се репродуцира музика, каде што се толерира хаосот во сообраќајот и други облици на беззаконие, многу полесно од овие средини произлегуваат тешки облици на криминални дела, најчесто следени со насилство.

Од бројните лоши и асоцијалните облици на однесување, видливо е дека покрај барањето за проактивен однос на полицијата, потребно е ангажирање и на пошироката општествена заедница, општинските служби, јавните претпријатија, инспекциите, просветните и социјални служби, јавното обвинителство, судовите, медиумите и, се разбира, граѓаните, на непосредна (директна) акција.

Македонското општество кое долго време е изложено на внатрешни и надворешни влијанија и се тетерави на патот конечно да ги почне преговорите за интегрирање во ЕУ, се карактиризира со висок степен на општествена деструкција, со недоволно издиференцирани структури и недоволна подготвеност за непосредно справување со општествено негативните појави, а во тие рамки посебно со криминалитетот. Процесот на промена на сопственоста, надополнето со лукративна ориентација на политичките партии, нужно претпоставуваше и процеси на градење на фрагилни институции, со недоволно јасно дефинирани капацитети или создавање општествени услови во кои тие нема да можат да ги остварат сопствените задачи, што условуваше зголемени социјални потреси и напнатости, изразени преку зголемениот број на невработени лица, генерирање на масовна сиромаштија, неразумно задолжување на државата и идните генерации, недоволна острица во пресметката со негативните појави, особено со криминал. Новите состојби произведоа нови односи во општеството, кои дополнително ги изостуваат рамките на толеранција кај граѓаните. Одтука треба да се очекува дека перцепциите кон полицијата (и кон другите државни институции) ќе бидат покритични, а очекувањата поголеми.

На прашања за перцепцијата на ликот на полицаецот како поединец и полицијата како организација, граѓаните покажуваат дека имаат потреба да градат однос на доверба со локалниот полициски службеник (им недостасува), но и воздржаност околу оценувањето на подготвеноста на полицијата да комуницира со нив. Тоа подразбира дека тие не биле во ситуација да комуницираат со полицијата, потоа дека полицајците ги нема на терен, кога им се потребни на граѓаните.

Медиумите имаат значајно место во презентирање на работата на полицијата, а со тоа и во создавањето на перцепциите на граѓаните за полицијата. Од анализата на податоците може да се констатира дека испитаниците во значителна мера се согласуваат со оценката дека постои напредок во комуникацијата на полицијата со медиумите. Во еден дел тоа се должи на созревање на свеста во полицијата (МВР) дека медиумите се важен партнер кој ја пренесува информацијата до граѓаните, дека полицијата во рамките на реформата (2007) воведе повеќе работни места на централно ниво и во секој од осумте регионални центри лице задолжено за односи со јавноста (медиумите) и дека тоа е значаен чекор кон поголема транспарентност. Споделувањето на информациите од полицијата кон јавноста има позитивен прием кај граѓаните, кои говорат за поголема јавност на

полицијата, што има одраз и во јакнење на чувството на безбедност. Начелото на јавност во работата се подразбира и како зголемена отчетност кон јавноста. Перцепциите на граѓаните говорат и за позитивен став во однос на постоење ефективни и ефикасни инструменти на внатрешен и надворешен надзор, иако во самото истражување не се препознаваат доволно елементи за одржливост на оваа оценка. Граѓаните изразуваат позитивен став кон негување на транспарентност од полицијата, како и за партнерство и соработка меѓу полицијата и граѓаните.

Заклучок за впечатокот на граѓаните и работата на полицијата во нивната заедница е дека полицијата одговара на нивните барања. Голем е степенот на согласност кај граѓаните дека таа грижа е најизразена кога станува збор за барања на граѓаните упатени до полицијата, најчесто преку давањето на услуги кои се поврзани со издавање на документи.

За концептот на полицијата во локалната заедница доволно се говори во стратешките документи на Министерството за внатрешни работи. На овие прашања интервјуираните граѓани формално одговараат, но впечаток е дека немаат доволно информации и нивните одговори не се јасни за овој концепт и прибегнуваат на одговори кои се неутрални. Граѓаните доминантно изразуваат несогласување дека во нивното место постои т.н. Советодавна група на граѓани и дека тие неможат да ги изнесат своите забелешки. За конкретната Советодавна група на граѓани, патем споменатите граѓани не знаат дека постои.

Генерално, искажаните мислења на граѓаните сугерираат:

- Значителна промена во однесувањето на полицијата, прилагодена спрема потребите на граѓаните во демократска заедница;
- Создавање на модерен пристап за управување, вклучувајќи ја и подготвеноста за промени и прилагодување на промените.

## З А К Л У Ч О К

**Монографијата претставува истражувачко достигнување со презентирање на перцепциите на граѓаните за полицијата за значаен временски период кога во Република Македонија се случуваат големи општествени поместувања. Оваа монографија ги мапира состојбите, ги идентификува добрите и слабите страни на полициското работење, па одтаму може да биде корисен документ во планирање на стратегии и мерки за идни активности.** Сепак, има и некои работи кои добронамерно сакам да ги споделам со авторите. Имено, во воведните главии, кога авторите со право консултираат автори кои се занимаваат со полициските и криминолошките науки, впечатливо ги нотираат авторите од опкружувањето, иако на истите теми, компетентно пишувале и домашни автори (Арнаудовски, Спасески, Бачановиќ, Стојановски).

Впечаток е дека амбициите на авторите биле да ги следат сите области кои се значајни за полициската организација, па одтаму и рефлексијата од полициското работење кон граѓаните, кои треба да бидат корисници на сервисот од државата. Во најголем дел овој обид успешно е препознаен во перцепциите на граѓаните. Сепак, впечаток е дека полициската дискреција не е темелно истражена и тоа може да биде направено во иднина. Исто така, уштинските реформи во полицијата зафатија еден период во кој беше почнато истражувањето, а потоа истите запреа. Под изговор дека се прават други реформски зафати најчесто се презентираа странични активности и на јавноста и „се презентираа„ како важни реформски работи. Ова прашање исто така само се спомнува, но не се

истражува на начин и во обем во кој тоа е потребно. Доброто полициско работење анализирано преку кодексот на полициска етика исто така заслужува да биде подобро обработено.

- Во заклучниот дел од истражувањето авторите се повикуваат на принципите на Роберт Пил (Ser Robert Peel), што е многу добро. Сепак, важноста на овие принципи кои се основата на современата полициска организација, ќе беше подобро ако темелно беа обработени понапред, во главите кои говорат за релациите меѓу полицијата и јавноста.
- Кај последните две табели е нарушен природниот низ на броеви; да се корегира.
- Содржината на библиографските единици да се систематизира, според азбучен редослед на авторите.
- Потребно е лекторско дотерување на текстот.

Ова се само сугестии кои може да придонесат за подобрување на текстот од истражувањето, чија вредност не е намалена, за што силно препорачувам да биде објавено, промовирано и да се користи од сите кои имаат интерес да ги прошират своите знаења од областа на полицијата и релацијата со јавноста.

Скопје, 30 март, 2018 година

Проф. д-р Трпе Стојановски с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ
## „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)" од авторите Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, Проф. д-р Никола Дујовски и Доц. д-р Марјан Ѓуровски

На предлог на Деканатската управа на Факултетот за безбедност-Скопје при Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, на својата 7-ма седница одржана на 23.03.2018 година, со одлука бр. 02-291/9 ме определи за рецензент на ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)" од авторите Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, Проф. д-р Никола Дујовски и Доц. д-р Марјан Ѓуровски. Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, откако внимателно го прочитав ракописот, со особено задоволство го поднесувам следниот

И З В Е Ш Т А Ј

**Структурна композиција на ракописот**

Ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)" од авторите Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, Проф. д-р Никола Дујовски и Доц. д-р Марјан Ѓуровски е претставен на вкупно 324 страни обработен во компјутерска техника и 8 страни користена литература, 2 страни прилози и 20 страни воведни информации и содржина. Во текстот се вградени 195 табели и 44 графикони, во функција на понепосредно презентирање на наодите од истражувањето. Проблематиката што е предмет на обработка во овој труд, содржински и функционално е поделена на 10 (десет) последователни и меѓусебно поврзани целини (делови), а секоја целина има повеќе поднаслови кои се поделени според логична структура.

Глава прва: Нивото на криминализираост низ перцепциите на граѓаните;
Глава втора: Полицијата во заедницата – очекувањата на граѓаните од улогата на полицијата;
Глава трета: Соработката меѓу полицијата и граѓаните;
Глава четврта: Односите меѓу заедницата и полицијата;
Глава петта: Полицаецот како иницијатор на односите во заедницата;
Глава шеста: Интеракциите меѓу заедницата и полицијата;
Глава седма: Перцепциите за актуелните релации меѓу полицијата и граѓаните;
Глава осма: Контрола и управување со полицијата;
Глава девета: Перцепциите за соработката на граѓаните и полицијата; и
Глава десета: Полицаецот низ перцепциите и оценките на испитаниците.

Сроченииот текст на ваков начин дава една конструктивна целина со логичен содржински ред на изложување на темата што се предмет на обработка во овој труд. Текстот е илустриран со слики, табели и графикони како што претходно наведов. Авторите обезбедиле лесен пристап на читателот кон материјата што непосредно го интересира.

**Општ дел**

Ракописот „Полицијата и јавноста (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)" од авторите Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, Проф. д-р Никола Дујовски и Доц. д-р Марјан Ѓуровски има општа цел да придонесе кон создавањето на научна

база од истражувачки резултати за ставовите на граѓаните на Република Македонија за работата на полицијата, за нивните претстави за неа, за безбедносните потреби на граѓаните, за социопатолошките појави и другите криминолошки феномени во земјата. Од временски аспект, истражувањето се занимава со перцепциите на граѓаните за работата на полицијата во периодот од 2008 до 2017 година.

Просторно истражувањето е организирано на подрачјето на Република Македонија, во сите плански региони. Истражувачките дејствија на терен се реализирани во месец Јануари (освен истражувањето во 1988 година во март и април) од 8 до 20 Јануари.

Дисциплинарно истражувањето припаѓа на политиколошките, социолошките и полициските науки.

Научна цел на ракописот е научна дескрипција на перцепциите на граѓаните за работата на полицијата, за нејзиниот јавен лик, за социопатолошките појави и криминалот во заедницата, за стратегиите за справување со нив. Во основа, е лонгитудинално истражување. Во неговата реализација се применет методи и техники од квантитативната и квалитативната истражувачка традиција. Станува збор за примената на структурираното интервју во облик на социодемографска анкета.

Врз основа на предметот на истражување и целите пред во истражувањето се исполнети определените задачи: 1) согледување на карактеристиките и специфичностите на перцепциите за социопатолошките појави и нивниот придонес за градењето на претставата за криминализираноста во општеството; 2) идентификувањето на ставови на граѓаните за работата на полицијата како субјект, за нејзиниот однос кон нив; 3) идентификување на перцепциите за степенот на соработка меѓу граѓаните и полицијата; 4) идентификување на карактеристиките и начинот на функционирање на полициската организација во локалната заедница; 5) перцепции за остварување на елементите од соработката меѓу полицијата и граѓаните изразен преку облиците на соработка и нивото на доверба што се гради меѓу нив; 6) перцепции за односот на граѓаните кон полициската организација; 7) перцепции за статусот и положбата на полицијата во општеството; 8) перцепции за подготвеноста да им помогнат на полицајците во неволја; 9) перцепциите за безбедноста во сообраќајот; 10) перцепциите на граѓаните за подготвеноста да учествуваат во програми за промена на состојбите; 11) перцепции за степенот на информираноста за полицијата, чувството на безбедност и за јавниот лик на полицаецот.

Практична цел на ракописот се состои во создавањето на искуствена евиденција за перцепциите на граѓаните за работата на полицијата, за претставите за неа и подготвеноста да и се помогне и да се учествува во програми за променување на состојбите. Во крајна инстанца, со истражувањето се настојува да се утврди влијанието на односот меѓу граѓаните и полицијата.

**Посебен дел**

Појдовните истражувачки претпоставки дадени во ракописот се условени со предметното определување, поставените цели и задачите на истражувањето. При дефинирањето на хипотезите се трганало од тоа дека: концептите и пристапите во определувањето на поимот, положбата и структурата на полицијата како појава, организација и полициската работа или дејствување во заедницата (community policing) различно се третираат, дека постојат спротивставени, па понекогаш и дивергентни гледишта и дека перцепциите се дел од индикаторскиот систем со чија помош може да се нијансира и определува положбата на полицијата во општеството. Се смета дека

искуствата на граѓаните и општите претстави за положбата и дејствувањето на полицијата можат да се во функција на унапредување на постојните и на развојот на нови стратегии на полициска работа и активности. Таквите сознанија треба да придонесат за унапредување, уточнување и на законските и други нормативни решенија кои ќе се во функција на поефикасна и поефективна полициска организација, која обезбедува претпоставки за непречен општествен и вкупен тек на живеењето и работата во заедницата.

Хипотетската основа на истражувањето е конципирано така тоа да претставува зафат кој обезбедува емпириска евиденција за контекстот и создава можности за генерирање на хипотези за идните истражувања.

Врз основа на досегашната анализа на карактеристиките на примерокот можеме да констатираме дека примерокот, или поточно примероците, за секоја година одделно обезбедуваат репрезентативност според плански регион, општина, вид на населено место на живее, пол, возраст, национална (етничка), верска и образовна специфичност на населението и дека врз основа на тоа можат да се изведуваат констатации и заклучоци кои ќе имаат соодветна емпириска сигурност.

Предмет на интерес во ова повеќе годишно истражување презентирано во ракописот е перцепцијата за односот меѓу полицијата и граѓаните, посебно во заедницата во која таа функционира како орган на власта, како орган на социјална контрола и како сервис на граѓаните. Полицијата во овој научно-истражувачки проект претставен во монографијата се третира од аспект на ставовите на граѓаните, како елемент на јавно мислење. Во најголемиот дел од даденото истражување доминира ставот со кој се нагласува дека појавите на кражбите и грабежи ја зајакнуваат свеста дека системот е недоволно организиран, и тие појави влијаат на степенот на криминализираност во македонското општество.

Односот токму на организираното општество кон вредностите и степенот на нивна заштита е еден од индикаторите преку кои се оценува капацитетот на институциите, но е и фактор за присуство на страв кај граѓаните.

Пишувањето за истражувањето е така конципирано и реализирано, што ги опфаќа сите делови на Република Македонија и се постигнува приближен број на испитаници од сите делови, од град и село. Регионалната дистрибуција на испитаниците според плански регион, општина, вид на населено место на живеење, пол, возраст, национална (етничка), верска и образовна специфичност на населението создава претпоставки за изведување на заклучоци кои со особена внимателност обезбедуваат солидна основа за изведување на констатации и препораки кои би се однесувале на вкупната популација и може да се изведуваат заклучоци и констатации кои имаат соодветна емпириска сигурност. Согледување на карактеристиките и специфичностите на перцепциите за социопатолошките појави и нивниот придонес за градење на претстава за криминализираноста на општеството.

Од истражувачките резултати може да се воочат тенденциите дека отсуствува подготвеноста на граѓаните, генерално да соработуваат со полицијата, посебно за благовремено известување на полицијата во случаи на нешто сомнително, со цел да дадат потребни информации на полицијата, како и подготвеноста да преземат мерки самите граѓани за личната безбедност и сигурноста на својот имот. Инаку мислењето за коректниот однос на полицијата кон граѓаните се гради врз основа на влијанието на културните традиции, правната свест и капацитетот на институциите на власта, начинот на остварување на функциите и др. Критиките на јавноста кон полицијата, односно кон начинот на остварување на полициската функција во општеството е во функција на јакнење на односите со заедницата.

Практичната цел на оваа тема е повеќекратна, пред сé поради фактот што во научната и стручна литература недостасуваат трудови и анализи на овој предмет или доколку ги има ги карактеризира парцијален научен пристап што зборува за октроираност на ефектите во праксата.

Од научен аспект истражувањето е значајно за унапредување на односот на полицијата кон јавноста. Покрај ова истражувањето доведува до: Согледување на досегашниот развој на структурите и потребата за нивно понатамошно усовршување и развој; Понатамошен развој, рационализирање и стандардизирање на концептот полиција во заедница; Иден развој на капацитети и способности за остварување на комуникација меѓу полицијата и граѓаните.

Ракописот ја содржи потребната конзистентност во која јасно се препознава преку научното фундирање на секогаш актуелната потреба за промени во начинот и односот на полицијата кон јавноста.

Во изработката на ракописот е применета сложена триангулациска истражувачка постапка и инструменти, на квалитативната и квалитативната методологија, а при обработката и интерпертацијата на сознанијата применети се определен број на аналитички постапки и техники.

## Оцена и предлог

При изработката на трудот авторите се придржувале до соодветната методологија за изработка на монографија и користеле јасен стил на презентација на содржината. Пишуван е ракописот на јасен и разбирлив јазик, со добро структуирана содржина и поткрепена со богата странска и домашна литература релевантна за областа на проучувањето.

Структурата на трудот е избалансирана, а текстот е презентиран на концизен начин. Авторите со изборот на предметот на истражувањето се определиле да анализира актуелен и комплексен проблем, додека теориската и практичната операционализација покажува дека успешно ја поставиле теориската рамка на на науката за полицијата, како и концепциските релации и терминологијата која што произлегува од интердисциплинарниот пристап во безбедносните науки и односите со јавноста.

Во научна теорија и практика ретки се истражувањата со теориска основа од овој тип. Оттука, добиените сознанија претставуваат резултат и добра основа за понатамошни истражувања од оваа област. Резултатите од истражувањето неминовно ќе доведат до иницирање на нови истражувања од оваа област, даваат придонес кон науката во делот науката за полиција, безбедносните науки и односите со јавноста.

Станува збор за истражување со изворни и оригинални сознанија, кој со својот обем и постигнато високо ниво на квалитет ги има пропозициите на научно истражување**.**

Сметам дека ракописот и истражувањето ја содржи потребната конзистентност во која јасно се препознава преку научното фундирање на секогаш актуелната потреба за концептот на полицијата во заедница, како и научен резултат кој овозможува создавање на основа за унапредување на односот на полицијата кон граѓаните.

Во изработката на истражувањето е применета сложена истражувачка постапка и инструменти, на квалитативната и квалитативната методологија, а при обработката и интерпертацијата на сознанијата применети се определен број на аналитички постапки и техники.

Овој труд  во целост ги исполнува условите предвидени со законските акти за публикување. Оттука, можам да констатирам дека Извештајот е позитивен и ПРЕДЛАГАМ - негово објавување и печатење како МОНОГРАФИЈА. По мислење на рецензентот, ракописот да биде јавно промовирана, на кој начин ќе биде достапен, особено до органите на институциите кои се непосредно ангажирани и дејствуваат во областа на полицијата, односно Министерството за внатрешни работи.

Рецензент
Ред.проф. д-р Жељимир Кешетовиќ с.р.
Факултет за безбедност при Универзитетот во Белград